Душко Цацков

# ВО СЕНКА НА ВИСТИНАТА



Душко Цацков

# ВО СЕНКА НА ВИСТИНАТА

*постхумно издание*

Штип, 2024

Приредувачи:

Анита Илиева Николовска
Оливер Цацков

# ПРЕДГОВОР

Пред нас е збирка необјавени песни и раскази на нашиот познат универзитетски професор, книжевен критичар и автор, општествено-политички работник и културен деец, д-р Душко Цацков, создавани во текот на неговите училишни денови, некаде помеѓу 1949 и 1955 година, а сочувани благодарение на безмерната љубов и почит на неговиот внук, д-р Оливер Цацков.

Пред да го запознаеме денешниот читател со овие негови први литературни обиди, неопходно е да се посочат неколку важни моменти коишто мора да се имаат предвид при читањето на оваа книга.

Објавувањето на раните творби на еден одамна веќе етаблиран писател, не само во нашата книжевна средина туку и пошироко, носи со себе разјадувачки прашања и дилеми за истражувачот, особено кога тоа се прави постхумно.

Одговорноста во преземањето на ваквиот сложен и донекаде контроверзен потфат едноставно е огромна – прво, затоа што недостасува најфундаменталниот етички аспект, а тоа е согласноста на авторот кој, се разбира, има неприкосновено право да одреди кога, како и дали воопшто неговото дело ќе биде достапно за јавноста; и второ, затоа што ваквите почетнички дела, коишто вообичаено се пишувани без какво било книжевно, но и животно

искуство, колку што можат да обезбедат вреден увид во еволуцијата на креативниот процес и литературниот стил на авторот, од една страна, толку од друга го изложуваат сето негово подоцнежно творештво на критичко разгледување токму низ овој аспект, а тоа, неретко може да биде и штетно.

Поедноставно кажано, токму заради фактот што се работи за почетни книжевни обиди, секогаш постои опасноста да се доведе во прашање кредибилитетот на способноста или дарбата на писателот, па оттука, она што претставува речиси непремостлива тешкотија за еден доблесен истражувач и искрен почитувач на неговото творештво, е предизвикот како да ја задржи довербата на читателот и како да се справи со притисокот на јавноста, во случај да не бидат исполнети нејзините очекувања.

Од таа причина, обезбедувањето на еден вид менторство или едно информирано упатување во содржината на страниците што следуваат, има суштинско значење – на внимателниот читател тоа ќе му помогне да го слушне самостојниот, изделен глас на авторот, а на истражувачот – да го зачува уметничкиот интегритет на некој кој повеќе не е во состојба самиот да го брани како целост, задржувајќи ја сопственоста над зборовите што не се негови.

Сепак, во врска со збирката што сега се наоѓа пред нас, какви било претходни објаснувања изгледаат излишно. Неодминлив е впечатокот дека дури и во овие први книжевни избори и напори на Душко Цацков, јасно може да се открие и следи оној основен, иако повеќеслоен наратив, што тој ќе продолжи да го развива во сето негово

натамошно литературно творење. Напросто, пред нас е автор чијашто имагинативна подлога уште од најрана возраст е заснована врз целосно оформен систем на вредности, верувања и претпоставки, чиишто граници тој подоцна ќе ги помести, но нема суштински да ги измени.

Оттука, идентификувајќи ги и анализирајќи ги темите и мотивите што се застапени во овие дела на Цацков, како и неговиот книжевен стил, ги откриваме оние елементи коишто и подоцна ќе ја обликуваат неговата литература, не само од аспект на морфологијата туку и во поглед на креативната уметничка имагинација, онаа водечка животна филозофија што продолжува во неговото севкупно творештво.

Како што е веќе споменато, во оваа збирка се поместени 18 песни и 7 раскази коишто Душко Цацков ги пишувал во текот на своето основно и гимназиско образование, односно кога имал од 13 до 19 години.

Почитувајќи ја автономијата на неговата уметничка визија, редоследот на песните е даден така како што самиот ги запишувал во двете мали сини тетратки, без какво било уредување или јазичка ревизија. Прозните творби, пишувани на одделни листови и главно недатирани, се групирани според (можната) хронологија, како и тематиката којашто во нив се обработува.

Заради прегледност, што значи од сосема практични причини, на дел од песните и расказите (оние што беа ненасловени во оригиналниот ракопис), додаден им е соодветен наслов, ставен во средни загради.

Насловот на збирката е преземен од еден од расказите, поместени во неа. Се разбира, тој не е

одбран случајно. Од многуте можни толкувања на изразот „сенка на вистината“, јасно е дека тој има подлабоко значење коешто навлегува во сложеноста на перцепцијата на реалноста, сугерирајќи дека „вистината“ не е секогаш апсолутна. Таа може да има и своја скриена, замаглена верзија, којашто се наоѓа надвор од она што е лесно видливо или познато, и уште повеќе, прекриена со сенките на личните уверувања, контекстот на општествените и културните норми и идеи, таа може да биде дури и изменета.

Оттука, изразот „сенка на вистината“ ги претставува слоевите на двосмисленост што ја опкружуваат секоја дадена ситуација, потсетувајќи нè дека она што првично ни изгледа како вистинито, честопати има повеќе нијанси наместо утврден полн колорит, што го усложнува нашето разбирање на реалноста – под површината на она што е очигледно, постојат и други вистини, скриени мотивации, намери или цели, коишто не се веднаш разбирливи.

Според нашето мислење, токму низ оваа призма треба да се читаат и толкуваат овие рани творби на Душко Цацков. Следејќи ја оваа идеја, на читателот му се сугерира дека во секој еден настан, опишан тука, постои нешто повеќе од она што веднаш може да се види и разбере, па затоа е нужно да се погледне и подалеку и повеќе за да се откријат подлабоките вистини, сместени некаде длабоко во сенките на зборовите.

Уште повеќе, овој концепт, којшто авторот тука, можеби и не го употребил со свесна намера, сметаме дека е тесно врзан за неговите подоцнежни перспективи и идеи, коишто како начин на перцепција на реалноста, обоена од неговите

сопствени искуства и верувања, тој ќе ги задржи до крајот на својот творечки век.

Душко Цацков никогаш не го преиспитува она што нам ни изгледа како вистинито, но затоа секогаш ја нагласува важноста на критичкото размислување и слободоумноста во потрагата по вистината. Всушност, токму „сенката“ е потсетник дека вистината нема строго и еднообразно значење – таа нè предизвикува да признаеме дека разбирањето на реалноста е нијансирано и мошне ретко сеопфатно.

# СОДРЖИНА

Предговор 7

*Почетнички стихови (1949/50 година)*

На мојата Република 15
Есен 17
Зима 19
Иднина 21
Спомен 23
? 25
Смртта на еден партизан 29
На Македонија 31
На љубимата 35
Охрид 37

*Стихови (1955 година)*

[Мир] 43
Сонувам ли? 45
Јас не сакам да постојам 47
Ние и луѓето 49
Љубов 51
Испеана на брегот 53

[Сознание] 55
[Сам] 57

*Раскази (1949 – 1955 ѓодина)*

[Сказна за Борче Соколот] 61
[Пријатели] 67
[Осумнаесет] 71
Необичен поглед 77
Во сенка на вистината 87
Матуранти 93
[Езерото] 101

Поговор 109
Белешка за авторот 119

Душко Цацков
ВО СЕНКА НА ВИСТИНАТА
(постхумно издание)

Издавач
НУУБ „Гоце Делчев“ – Штип

Лектура
Бранкица Јовева

Илустратор на корица
Оливер Цацков

Компјутерска подготовка
Анита Илиева Николовска

Печат
„Сони прес“, Радовиш

Тираж
100 примероци

CIP - Каталогизација во публикација Национална и
универзитетска
библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3-1
821.163.3-32

ЦАЦКОВ, Душко
Во сенка на вистината / Душко Цацков ; приредувачи Анита
Илиева Николовска, Оливер Цацков. - Штип : НУУБ „Гоце
Делчев“, 2024 (Радовиш : „Сони прес“). - 128 стр. ; 21 cм

Белешка за авторот: стр. 119-121. - Постхумно изд. на насл. стр.

ISBN 978-608-242-154-4

COBISS.MK-ID 63469061